**20090450803**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 и 31 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 166/08), член 7 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/06), член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.03.2009 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2009 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/09 и 23/09) во делот IX, став 1, алинејата шест се менува и гласи:

„- потточка 1.17, 4.13. и 4.14. корисници на финансиските средства се и здруженија на граѓани и фондации, јавни научни и образовни установи, институции и правни лица кои извршуваат консултантски услуги во земјоделството;“.

Во ставот 2 зборовите: „потточките 6.4. и 6.5.“ се заменуваат со зборовите: „потточките 6.4., 6.5. и 6.6.“, а зборовите: „а за потточката 6.6. имаат“ се бришат.

2. Во делот X, во став 1 зборовите: „пасишта во државна сопственост“ се бришат.

3. Во делот XII, во став 1 по бројот „6.3.“ се додава бројот „6.4.“.

Во ставот 2 зборовите: „6.4. и“ се бришат.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1393/1
31 март 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.